**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 30 декември 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранинето на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Каролина Ристова, Ганка Самоиловска Цветанова, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Илија Китановски, Марија Којзеклиска, Али Ахмети, Гзим Острени, Јусуф Арифи, Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Очигледно немаме кворум за да го утврдиме дневниот ред, ќе причекаме уште малку.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата има 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за домување, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за домување.

Предлогот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор заменик министерот, господинот Дејан Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Владата инсистира и побара по итна постапка да се донесе оваа измена во законот за домување, од проста причина да им се овозможи на носителите на станарското право на општествени станови, да можат и во текот на 2005 година, да го регулираат својот статус, бидејќи во 2004 година од објективни причини не можат да го завршат, затоа што процесот за денационализација и останатите процеси се сеуште во тек.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 56 гласале за, 1 воздржан, 2 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 57 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

**1. Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за домување, со Предлог на закон.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 56 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за домување, со Предлог на закон.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

На дневен ред ни е законот за изменување на законот за домување.

Имено, овој закон минатата година беше донесен, значи во 2003 година и во член 8 се вели: “на лица кои имаат статус на носител на станарско право, им се трансформира статусот, најдоцна до 31 декември 2004 година, во статус на закупец, врз основа на договор за закуп на стан вклучен со лице кој ќе го овласти Владата на Република Македонија.

Значи помина таа година, дојде критичниот термин, утре сме 31 декември, а се уште остануваат станови, односно се уште остануваат лице, кои што согласно на овој член, не го имаат трансформирано статусот од носител на станарско право во закупец.

Сега се прашувам, дали Владата при донесување на овој закон, минатата година не ги проектираше доволно термините, или пак се работи за објективни причини.

Се надевав дека министерот ќе ги објасни објективните причини, поради кои што овој закон не е исполнет, т.е. бараме пролонгирање на овој термин, т.е. измена во членот 8 на постојниот закон.

Инаку, треба да се види колкав број на тие станови се и причините поради кои што не може да се трансформира статусот.

Доколку, навистина има објективни причини, не мора тоа да биде 31.12.2005 година, нека биде 2006. Да не излезе секоја година ние пролонгираме некој закон и сметам дека тоа не е добро за самото Министертство. Значи не ја владее ситуацијата и состојбата во оваа област.

Затоа, очекувам од министерот да каже нешто повеќе, зошто не се исполнети тие услови и кои се тие објективни причини, поради кои што сега еве се бара пролонгирање плус уште една година за трансформација на статусот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Господине Андов, повелете.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги, во сите овие реформи и трансформации што ги правиме, можеби мал дел, но сепак е зафатен и со овој закон. Законот не ја извршил својата улога и мислам дека е добро што го менуваме сега.

Владата треба да ги види причините навистина, и веројатно треба да му нареди на Министерството за транспорт и врски, што оперативно да направи, дали треба да му се обрати на секој заинтересиран што подлежи на овој закон со допис, да го извести, или некоја друга работа, да го извести за рокот, нешто треба да направи, бидејќи луѓето еден дел не го читаат Службениот весник, а и не ги гледаат нашите седници овде. А и некои работи што ние овде ги зборуваме, ги зборуваме на начин нам да ни биде јасно, а не и на луѓето на кои се однесува тоа.

Значи еден дел од овие луѓе, веројатно, не се информирани. А бидејќи сите тие луѓе, се луѓе со мали приходи, семејни приходи, затоа и не ги откупиле становите. Станува збор значи за луѓе кои многу тешко промените ги поднесуваат. Си се сигурни во станарското право, но не знаат каде ќе ги носи статусот на закупец. Не им е јасно што тоа треба да значи. Можеби мислат дека тоа многу ќе им ја влоши и така лошата семејна материјална состојба. И тоа треба Владата да го процени и за тоа треба некои информации да им се дадат на тие луѓе.

Во секој случај, ние денеска треба да го донесеме овој закон, заради тоа што ќе паднат во неволја многу луѓе, не знам дали се многу, ама сигурно еден одреден број на луѓе, без своја вистинска вина.

А за да не правиме идната година исто така набрзина да донесуваме закон, Собранието да мора да донесува закон, потребно е Владата да уреди и некој приод на извршување на овој закон, за да не се чувствуваат загрозени луѓето, да го прифатат новиот статус и да знаат дека таа година е дефинитивна кога тие мораат да си го сменат статусот во користењето на станот.

Ете тоа е нашата сугестија. Инаку, ќе го поддржиме овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Иванов имате збор.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Јас со големо внимание го прочитав три пати овој закон. Но стекнав впечаток дека Владата некоректно се однесува према нас пратениците тука во Парламентот. Под итно бара седница, под итно бара да се донесе закон, а во исто време не не известува зошто овој закон во 2004 година не е спроведен, не е реализиран. Кои се проблемите? Со што се сретнува Министерството за транспорт и врски, дали тоа се објективни, или субјективни причини?

Према тоа, ние еве и сега кога сме тука како Парламент, на никого не му е јасно од кои причини законот не е спроведен и од кои причини сега законот под итно треба да се продолжи, а можеше тоа да се направи многу порано. И која е гаранцијата дека овој закон ќе ги реши проблемите во 2005 година.

Веројатно, ние можеме сега да претпоставуваме дека овој закон исто така нема некоја фундирана основа во Уставот. И таму каде што се повикува на членот на Уставот, јас го прочитав тој член и не ми остава впечаток дека баш има покритие овој закон во Уставот. Према тоа, ние донесуваме закони кои често пати се неуставни и ни ги поништува Уставниот суд.

Статусот на станарското право е стекнат по еден закон и во согласност со Уставот на оваа држава и на некоја држава која била пред неа, а чии што закони, ние сме ги прифатиле. Према  тоа, веројатно овде се работи за неможна реализација на законот. Се работи веројатно за луѓе кои се исклучиво сиромашни, за стари луѓе, за немоќни луѓе, кои не располагаат со средства, за да можат да ги откупат становите и дека мора да се бара други решенија. Некој со сила да го натерате да го изгуби статусот на станарско право и да му наметнете друг статус, тоа тешко ќе може да се прави.

Према тоа, ако овој закон се донесе веќе во првото тромесечие, мора да се предложат адекватни решенија да се реши овој проблем.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот  го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за домување.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 10,25 часот).